*Наташа ЧИЧЕВСКА-ЈОВАНОВА*
*Оливера РАШИЌ-ЦАНЕВСКА*

***УДК: 37:376***
*Изворен научен труд*

# РАЗЛИКИ МЕЃУ РЕДОВНОТО И СПЕЦИЈАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Основното и специјалното образование се два комплементарни света, каде што првото обезбедува основа за знаење и социјализација, а второто се фокусира на поддршка и адаптација за секој ученик да го достигне својот целосен потенцијал

(Каровска-Ристовска, Чичевска Јованова, Рашиќ-Цаневска, Станојковска Трајковска)

***Кратка содржина:***

*Инклузивното образование е процес кој интегрира ученици со посебни потреби во редовните училишта, обезбедувајќи им соодветна поддршка и адаптации. Овој труд ги разгледува разликите меѓу редовното и специјалното образование, фокусирајќи се на правото на образование, цели и пристапи, одговорности и надлежности, наставни програми, фокус на образованието, подготовка на наставници, услови за учење, методи на подучување, стандарди за учење, оценување и проценка, компетенции на наставници, образовни истражувања и законска регулатива. Во Македонија, инклузивното образование започна во 1998 година и сѐ уште е во процес на развој, насочено кон целосна инклузија на учениците со попречености, која е пропишана во Законот за основно образование донесен во 2019 година.*

*Методологијата вклучува анализа на постоечките истражувања и закони, како и компаративна студија на редовното и специјалното образование. Користени се податоци од релевантни извори како што се европските и националните агенции за образование, извештаи на УНИЦЕФ и закони за специјално образование. Оваа методологија овозможува детален преглед на тековната состојба и на предизвиците во инклузивното образование.*

*Заклучокот е дека иако се направени значајни напори за интеграција на учениците со посебни потреби во редовните училишта, постојат многу предизвици кои треба да се надминат. Потребна е подобра поддршка за наставниците, повеќе ресурси и финансирање, како и промена на ставовите во општеството. Со соодветни мерки и политики, може да се постигне вистинска инклузија и квалитетно образование за сите ученици.*

***Клучни зборови:*** *инклузивно образование, редовно образование, специјално образование, индивидуални образовни планови, законска регулатива.*

**1. Вовед**

Инклузивното образование е педагошки концепт кој се залага за вклучување на сите ученици, независно од нивните физички, интелектуални, социјални, емотивни, јазични или други разлики, во редовните образовни системи. Оваа идеја произлегува од основните човекови права и е во согласност со меѓународните правни документи кои го истакнуваат правото на образование за секое дете (Чичевска Јованова, Рашиќ-Цаневска, 2022). Инклузивното образование се фокусира на приспособување на образовниот систем за потребите на сите ученици, наместо да ги приспособува учениците кон постоечкиот систем.

Важноста на инклузивното образование може да се види во неговата способност да создаде општество во кое разликите се ценети и разбрани, а не само толерирани. Тоа овозможува секој ученик да ги достигне своите полни потенцијали и да придонесе кон својата заедница. Инклузивното образование, исто така, ги подготвува сите ученици - со и без попреченост - за живот во светот на различностите, градејќи толеранција, разбирање и меѓусебно почитување.

Експертите често дебатираат за најдобрите методи за вклучување на овие ученици во редовните образовни системи без да го компромитираат квалитетот на образованието. Во овој контекст, есенцијално е да се разбере дека инклузијата не значи само физичко сместување на учениците со различни потреби во иста училница, туку и создавање на поддржувачко и стимулирачко училишно опкружување во кое секој ученик може да „процвета“ и учи.

Денешните училишта стануваат сè поразновидни. Многу наставници сметаат дека во нивните училници има ученици кои се надарени, ученици со попреченост и ученици кои се културно разновидни. Сите овие разлики ја прават наставата поинтересна и возбудлива, како и посложена. Во последниве 20-тина години се покажа дека традиционалното образование не може да обезбеди квалитетно образование за сите. Затоа, потребно е тоа да се прилагоди на потребите на различните групи и поединци.

За да се постигне тоа, учениците со пречки во развојот треба да добијат услуги од областа на специјалната едукација според обезбедените услови од државните институции. Специјалната едукација е специјално дизајнирана настава обезбедена од страна на училиштата, која ги задоволува посебните потреби на учениците идентификувани како ученици со пречки во развојот. Специјалната едукација е сет од услуги и опфаќа инструкции во редовно одделение при редовно училиште, во посебно одделение при редовно училиште (центри за поддршка) или во посебно училиште (основно училиште со ресурсен центар), едукација во заедницата за учениците кои имаат потреба да ги научат животните и работните вештини и специјализирана помош во области како што е стручната подготовка.

Со воведувањето на тоталната инклузија во нашата држава дојде до намерно заматување на идентитетите на посебното и на редовното образование. Во овој труд ќе ги разгледаме разликите меѓу редовното и специјалното образование, коишто се историски и вредни за зачувување (Чичевска Јованова Н., 2018).

### 1.1. Право на образование

- Редовното образование е право на сите ученици.
- Посебното образование е резервирано за специфични групи ученици, како што се ученици со оштетен вид, ученици со оштетен слух, ученици со моторни нарушувања, ученици со интелектуална попреченост, ученици со аутизам и ученици со комбинирани пречки.

### 1.2. Цели и пристапи

- Целта на општото (редовното) образование е да обезбеди основни знаења и вештини за сите ученици.
- Специјалното образование цели да ги задоволи специфичните потреби на учениците со различни попречености или со посебни образовни потреби.

### 1.3. Одговорност и надлежности

- За работата на редовните училишта се одговорни локалните општински власти.
- За работата на посебните училишта и паралелки (ресурсни центри и центри за поддршка) е надлежно исклучително Министерството за образование и наука.

### 1.4. Наставни програми

***Редовно образование:***

- Бирото за развој на образованието ја изработува наставната програма за редовните училишта.
- Наставните програми се унифицирани и генерално дизајнирани за да ги задоволат потребите на просечниот ученик.
- Пропишаните програми и препорачаните методи се соодветни за најголемиот број ученици (околу 80 %) и за нив не

се потребни посебни прилагодувања за да можат успешно да ја следат наставата.

- Наставниците работат со сите ученици во училницата и обезбедуваат општо образование, користејќи различни стилови на учење, применуваат Блумова таксономија за планирање на наставните цели, со основни адаптации на материјалите, и користење на општи наставни методи. За целите кои потешко ги реализираат главно се фокусираат на соработка со стручните соработници во училиштето.
- Се фокусира на академските предмети како математика, наука, јазици и уметности (European Agency for Special Needs and Inclusive Education, 2024; National Center for Education Statistics, 2024).

*Специјалното образование:*

- Наставните програми се индивидуализирани и адаптирани за да одговараат на потребите на секој ученик.
- Вклучува дополнителни услуги како логопедска терапија, физиотерапија и помошни технологии.
- Специјалните едукатори обезбедуваат индивидуализирана поддршка за учениците со посебни потреби, користејќи специфични методи и техники, како и специјализирани материјали и уреди и често работат во тимови со логопеди, физиотерапевти и со други специјалисти. И покрај тоа што во двата пристапа, т.е. и едните и другите се свесни за важноста на различните стилови на учење и адаптацијата на материјалите, специјалните едукатори прават подлабоки и повеќе специјализирани адаптации.
- Доколку за ученикот со пречки во развојот индивидуализираниот пристап и прилагодувањата не дадат резултати, тогаш може да се обезбеди следниот тип на поддршка:
    - **Ниво II** – *Интензивирана поддршка* - се обезбедува на ученици во случај кога општата поддршка не ги дава очекуваните резултати. Препорака за давање интензивирана поддршка се носи по направена проценка од страна на училишниот инклузивен тим и од стручните тела за функционална проценка. Интензивираната поддршка е со повеќекратни и/или истовремени интервенции и му се обезбедува на ученикот врз основа на индивидуален образовен план.
    - **Ниво III** – *Посебна поддршка* се обезбедува кога интензивираната поддршка не ги задоволува потребите на ученикот или во друг случај, откако е донесена препорака за давање посебна поддршка по направена проценка

од страна на стручните тела за функционална проценка. Посебната поддршка е слична како и интензивираната поддршка, но е со уште поголем интензитет и со повеќекратни и/или истовремени интервенции и се обезбедува врз основа на модифицирана наставна програма.

**1.5. Фокус на образованието**

- Редовното образование е ориентирано кон групата.
- Специјалното образование е насочено кон поединецот.

**1.6. Подготовка на наставници**

*Редовно образование:*

- Наставниците од редовното образование се подготвени да предаваат на големи групи ученици.
- Генерално имаат диплома за наставник во основно или во средно образование.
- Имаат основни познавања за различни образовни методи, но не се специјализирани за работа со ученици со посебни потреби (Teacher Certification Degrees, 2024; U.S. Department of Education).

*Специјално образование:*

- Специјалните едукатори и рехабилитатори се подготвени да подучуваат поединци или мали групи.
- Тие се специјализирани за работа со ученици со попречености.
- Често работат заедно со други специјалисти како логопеди, психолози и физиотерапевти (Special Education Guide, 2024; Council for Exceptional Children, 2024).

**1.7. Околина и услови за учење**

*Редовно образование:*

- Учениците учат во традиционални училници со стандарден распоред и структура.
- Околината е прилагодена за ученици без специфични попречености (NCES, 2023; Education Commission of the States, 2024).

*Специјално образование:*

- Учениците може да учат во посебни училници (центри за поддршка) или во специјализирани училишта (основно училиште со ресурсен центар), но исто така можат да бидат интегрирани во редовното образование со соодветни адаптации.
- Околината и условите за учење се прилагодени за да одговараат на физичките, когнитивните и емоционалните потреби на учениците (Reading rockets, 2024; National Education Association, 2024).

### 1.8. Методи на подучување

- Редовното образование применува диференцирани подучувања за различни образовни нивоа.
- Специјалното образование користи интензивни, специјално креирани подучувања за специфични потреби.

### 1.9. Користење на технологија

*Редовно образование:*

- Технологијата се користи за подобрување на наставните процеси и за олеснување на пристапот до информации за сите ученици.
- Употребата на технологија е повеќе насочена кон општа употреба, како што се компјутери, таблети и интернет-ресурси (Edutopia, 2015; Teach and learning, 2024).

*Специјално образование:*

- Технологијата игра значајна улога во поддршката на учениците со попречености, преку употреба на помошни технологии како што се уреди за комуникација, софтвери за учење и специјализирани уреди.
- Помошната технологија е дизајнирана да ги задоволи специфичните потреби на учениците, како што се аудиокниги за учениците со оштетен вид или апликации за комуникација за учениците со говорни попречености (ATIA, 2024; Special education guide, 2024).

### 1.10. Стандарди за учење

- Во редовното образование, годишните исходи на учење се поставени со одредени стандарди.
- Во специјалното образование, постојат малку или воопшто нема водичи за развивање стандарди за учениците со пречки.

### 1.11. Оценување и проценка

*Редовно образование:*

- Учениците се оценуваат според стандардни тестови и критериуми.
- Оценувањето е генерално униформно и базирано на постигнување на академските цели (Glossary Of Education Reform, 2015; ETS, 2024).

*Специјално образование:*

- Проценката е индивидуализирана и често се користат алтернативни методи за оценување на напредокот.
- Вклучува постојана проценка и прилагодување на наставните методи за да се одговори на променливите потреби на ученикот (Special education guide, 2024; NCEO, 2024).

### 1.12. Компетенции на наставници

- Наставниците од редовното и од специјалното образование не треба да имаат исти компетенции, иако постои тенденција за тоа, барем во нашата држава.

### 1.13. Финансирање и ресурси

*Редовно образование:*

- Финансирањето е обезбедено преку локалните, регионалните и националните буџети, со фокус на општите потреби на училиштата.
- Распределбата на ресурсите е насочена кон поддршка на редовните наставни програми и активности (Education next, 2017; US Department education, 2024).

*Специјално образование:*

- Финансирањето често вклучува дополнителни средства за поддршка на специфичните потреби на учениците со попречености.
- Ресурсите се обезбедуваат за специјализирани програми, помошни технологии, терапевтски услуги и обука на наставниците (US Department education, 2023; Special education guide, 2024).

### 1.14. Вклученост на родителите

*Редовно образование:*

- Родителите се вклучени преку родителски средби, училишни настани и редовни комуникации со наставниците.
- Вклученоста на родителите е важна, но не секогаш е интензивна или специјализирана (PTA, 2022; Edutopia, 2024).

*Специјално образование:*

- Родителите играат клучна улога во развојот и во имплементацијата на индивидуалните образовни планови (ИОП).
- Вклученоста на семејството е суштинска и често вклучува редовни состаноци, консултации и активна соработка со наставниците и со специјалистите (Wrightslaw, 2014, Center for Parent information and resources, 2013).

### 1.15. Преод и подготовка за иднината

*Редовно образование:*

- Преодот од основно во средно училиште и понатаму во високото образование е генерално структуриран и унифициран.
- Подготовката за иднината е насочена кон академски и кон кариерни цели (ACT, 2024; CCRS Center, 2024).

*Специјално образование:*

- Преодот често вклучува специфични програми за подготовка на учениците за животот по училиште, вклучувајќи вработување, независен живот и учество во заедницата.

- Програмите за преод и подготовка за иднината се индивидуализирани и може да вклучуваат обука за вештини за живот, професионална рехабилитација и поддршка за вработување (NTACT, 2024; Family care connections, 2023).

### 1.16. Законска регулатива и политики

*Редовно образование:*

- Образовниот систем е регулиран од општи закони и политики кои ги опфаќаат сите ученици.
- Законската рамка се фокусира на обезбедување квалитетно образование за сите ученици (U.S. Department of education, 2024; NSBA, 2023).

*Специјално образование:*

- За разлика од западните земји каде специјалното образование е регулирано од специфични закони и политики, како што е Законот за правата на лицата со попреченост (IDEA) во САД, во нашата РС Македонија не постојат посебни законски легислативи кои го уредуваат специјалното образование. Уредбата на специјалното образование е вклучена во Законот за основно образование од 2019 година, а дополнителни објаснувања има во Концепцијата за инклузивно образование, единствен официјален државен документ кој се однесува на образованието на учениците со попреченост и попрецизно го објаснува (Рашиќ-Цаневска, Чичевска Јованова, 2021).
- Политиките се насочени кон обезбедување на правата и поддршката за учениците со попречености, вклучувајќи индивидуални образовни планови и услуги (New York State Education Department, 2017; Special education guide, 2024).

### 1.17. Образовни истражувања

- Редовното образование неодамна ја прифати потребата за образовни истражувања.
- Специјалното образование има долга историја заснована на истражувања.

### 1.18. Определеност

- Редовното образование е место.
- Специјалното образование е услуга.

## 2. ЗАКЛУЧОК

Разликите меѓу редовното и специјалното образование се значајни и одразуваат различни цели, пристапи и методи на подучување. Инклузивното образование, кое има за цел да ги интегрира учениците со посебни потреби во редовните училишта, претставува предизвик, но и можност за подобрување на образовниот систем. Тоа е важен чекор кон создавање на општество кое прифаќа и ги поддржува сите свои членови. Македонија направи значајни напори за да ги вклучи учениците со посебни потреби во редовните училишта, но сѐ уште има многу што да се направи.

> Инклузивното образование не само што ги отвора вратите за сите ученици, туку и создава заедница каде што секој може да ја достигне својата целосна вредност и потенцијал

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


- ACT (2024). Transition planning in general education. Available at https://www.act.org/
- Assistive Technology Industry Association (ATIA) (2024). What is AT?. Available at https://www.atia.org/home/at-resources/what-is-at/
- Center for Parent information and resources (2013). Parent Engagement from Preschool through Grade 3: A Guide for Policymakers. Available at https://www.parentcenterhub.org/parent-engagement-policymakers/
- College and Career Readiness and Success Center (2024). Building a system for postsecondary success. Available at https://ccrscenter.org/
- Council for exceptional children (2024). Professional resources. Available at https://exceptionalchildren.org/ProfessionalResources
- Education commission of the States (2024). Key issues. Available at https://www.ecs.org/research-reports/key-issues/
- Education next (2017). How Progressive is School Funding in the United States? Available at https://www.educationnext.org/progressive-school-funding-united-states/
- Edutopia (2015). 5 Reasons for Integrating Technology. Available at https://www.edutopia.org/blog/ed-technology-benefits-heather-wolpert-gawron
- Edutopia (2024). Family engagement. Available at https://www.edutopia.org/topic/family-engagement/
- ETS (2024). The GRE general test. Available at https://www.ets.org/gre/test-takers/general-test/prepare.html
- European Agency for Special Needs and Inclusive Education (2024). The key principles. Available at https://www.european-agency.org/activities/key-principles
- Family care connections (2023). Life Skills and Transition Programs. Available at https://www.specialeducationguide.com
- National Center on Educational Outcomes (NCEO) (2024). Available at https://nceo.info/
- National Center for Education Statistics NCES (2023). Condition of Education 2023. Available at https://nces.ed.gov/pubsearch/pubsinfo.asp?pubid=2024144

- National educational association (2024). Make sure every student & educator succeeds. Available at https://www.nea.org/
- New York State Department (2017) IDEA general information. Available at https://www.nysed.gov/special-education/idea-general-information#:~:text=The%20Individuals%20with%20Disabilities%20Education,related%20services%20to%20those%20children.
- NSBA Nationa school boards association (2023). Federal Legislative Priorities. Available at https://nsba.org/Advocacy/Federal-Legislative-Priorities
- NTACT National Technical Assistance Center on Transition (2024). Transition Planning in Special Education. Available at https://transitionta.org/topics/secondary-education/transition-planning/
- PTA (2022). National Standards for Family-School Partnerships. Available at https://www.pta.org/home/run-your-pta/family-school-partnerships
- Reading rockets (2024). Special education. Available at https://www.readingrockets.org/topics/special-education
- Special education guide (2024). The Special Education Process Explained. Available at https://www.specialeducationguide.com/
- Teacher Certification Degrees (2024). Teacher Certification Information by State. Available at https://www.teachercertificationdegrees.com/
- Teach and learning (2024). Available at https://www.techlearning.com/
- The Glossary of Education Reform (2015). Assessment. Available at https://www.edglossary.org/assessment/
- U.S. Department of Education. Elevating Teaching. Available at https://www.ed.gov/teaching
- U.S. Department of Education. Financing aid. Available at https://www2.ed.gov/finaid/landing.jhtml
- Wrightslaw (2014). Family Involvement in Special Education. Available at https://www.wrightslaw.com/
- Чичевска Јованова Н. (2018). Методика на наставата за ученици со интелектуална попреченост. Скопје: Филозофски факултет.
- Чичевска Јованова Н., Рашиќ-Цаневска О. (2022). Развој на инклузивен пристап кон лицата со попреченост во РС Македонија. Меѓународна научно-стручна конференција: „Образование на лицата со попреченост - актуелни состојби и перспективи“ - Скопје: РС Македонија. стр. 18-30.